# *Општи информации за програмата „Фасадер“*

Главната цел на програмата „Фасадер“ е учесниците да се стекнат со знаење, вештини и компетенции за работа при изведба на фасадни и внатрешни ѕидови. Програмата нуди комплетна обука за изработка и припрема на сите видови малтер; изработка на фасади со современи материјали и поправка на дотраени и оштетени фасади. Големо внимание во програмата е посветено на едукација за термичката и звучна изолација при изработката на фасадите и внатрешните ѕидови како и обука за енергетската ефикасност на објектите.

БИЗНИС ЦЕНТАР
ЗА ТРЕНИНГ И ОБУКА
BUSSINES CENTER FOR
TRAINING AND EDUCATION
Модули на доживотно учење
*Акредитирани програми од Министерството за образование и наука на Република Македонија*

На крајот на успешно реализираната обука кандидатите стекнуваат Сертификат акредитиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија со кој се потврдува работната оспособеност за струката.

Максимален број на учесници во една група е 8-14 луѓе.

Програмата се состои од 70 часа теорија и 170 часа практична настава.

По завршување на програмата учесникот ќе биде способен да:

- подготвува простор за изведба на фасадерски работи;
- испитува подлога за нанесување фасада;
- подготвува подлога за фасада;
- изведува класична фасада;
- изведува термоизолациски фасаден систем;
- изведува фасадно цокле;
- води и чува потребна документација;
- контролира квалитет на изведба на фасада;
- комуницира со  соработници, надзорен орган и инвеститор;
- одржува алати и машини за изведба на фасадерски работи применува мерки за лична заштита, заштита на работното место и заштита на околината.

Во врска со уписите и другите детали поврзани со програмата контактирајте со нас на подолу наведените контакти.

Симона Ристоска
+ 389 2 3244067
simona@mchamber.mk

Борис Тримчев
+ 389 72 20 70 91
boris@mchamber.mk